Рев2 бр.359/13

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Мирјана Радевска Стефкова, Светлана Трајчовска, Милка Стефкова и Исамедин Лимани - членови на советот, во правната работа на тужителот Гордан Станковиќ извршител од Скопје, против тужениот Евроинс осигурување АД Скопје, вредност на спорот 2.187.704,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот, изјавена преку полномошникот Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.427/13 од 21.03.2013 година, на седницата одржана на ден 10.09.2014 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Евроинс осигурување АД Скопје да му ги надомести на тужителот Гордан Станковиќ извршител од Скопје парничните трошоци сторени во постапката по ревизија во износ од 55.180,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П1.бр.825/12 од 13.09.2012 година го усвоил тужбеното барање на тужителот и го задолжил тужениот да му плати на тужителот на име надомест на штета по основ на осигурување на извршител износ од 2.187.704,00 денари, со законска затезна камата од 23.06.2009 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до исплатата законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, во рок од 15 дена од приемот на пресудата. Со решение под истиот број и датум, во делот под став 1 од изреката, судот го одбил како неоснован приговорот на тужениот дека тужителот со прецизираното тужбено барање со

поднесокот од 05.06.2012 година извршил преиначување на тужбата. Во делот под став 2 од изреката на решението, судот делумно го усвоил барањето на тужителот за надомест на парнични трошоци, па го задолжил тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци во износ од 163.830,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на пресудата а го одбил како неосновано поголемото барање на тужителот за надомест на парнични трошоци, за разликата од досудениот до побараниот износ од 199.450,00 денари.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.427/13 од 21.03.2013 година жалбата на тужениот ја одбил како неоснована, а пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П1.бр.825/12 од 13.09.2012 година ја потврдил. Задолжен е тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци сторени во постапката по жалба во износ од 15.900,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Против пресудата на Апелациониот суд Скопје ревизија изјави тужениот, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната пресуда да се преиначи на начин што жалбата ќе се усвои а првостепената пресуда ќе се преиначи на начин што тужбеното барање на тужителот ќе се одбие како неосновано, и тужителот ќе се задолжи да му ги надомести на тужениот парничните трошоци сторени во текот на постапката.

Тужителот во одговор на ревизија, поднесен преку полномошникот Зорица Шапуриќ Хорват, адвокат од Скопје, ги побива наводите изнесени во ревизијата, со предлог истата да се одбие како неоснована, а тужениот да се задолжи да му ги надомести парничните трошоци сторени во постапката по ревизијата.

Врховниот суд на Република Македонија по проучување на списите по предметот, наводите во ревизијата и во одговорот на ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е ревизискиот навод за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка. Според Врховниот суд на Република Македонија, побиваната пресуда со која е потврдена првостепената пресуда е јасна, разбирлива, со доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, па истата како таква во целост може да биде испитана.

Правилно прифатиле пониските судови дека со поднесокот од 05.06.2012 година тужителот не извршил преиначување на тужбата во смисла на одредбата од членот 181 став 1 од Законот за парничната постапка, туку извршил прецизирање на тужбеното барање и истото го намалил во смисла на одредбата од членот 181 став 3 од Законот за

парничната постапка. Поради тоа, овој суд ги оцени како неосновани наводите во ревизијата за сторена суштествена повреда со донесување на решението со кое приговорот на тужениот е одбиен како неоснован..

По наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, неосновани се и ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право. Врз основа на утврдената фактичка состојба од првостепениот суд, која во целост е прифатена од второстепениот суд, правилно пониските судови го примениле материјалното право кога тужбеното барање на тужителот го усвоиле.

Имено, од доказите изведени во текот на постапката утврдено е дека на 16.05.2007 година тужителот Гордан Станковиќ - извршител како осигуреник и ТД за осигурување Макошпед АД Скопје - правен претходник на тужениот како осигурувач, склучиле договор за осигурување со полиса за осигурување на имот број 15693, за периодот од 01.06.2007 година до 01.06.2008 година, и истото било склучено по општите услови за осигурување имоти од 2001 година и посебните услови за осигурување од одговорност на извршители од 2006 година. Со полисата била осигурана законската одговорност на извршителот, заменик и помошник извршител, за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при обавување односно вршење на извршни работи. Осигурувањето било склучено на минимална сума на осигурување од 100.000 евра во денарска противвредност. Ова осигурување било продолжено од 01.06.2008 година до 01.06.2009 година, со тоа што на ден 26.05.2008 година бил склучен договор за осигурување со полиса за осигурување на имот број 20469, со истоветна содржина како и претходната полиса.

До тужителот како извршител на ден 11.01.2008 година било поднесено барање за извршување односно барање за продолжување на извршување во корист на Бранислава Сарич од Словенија како доверител, против Алкалоид АД Скопје како должник, и тоа врз основа на извршната исправа - правосилно и извршно решение ПСО.бр.91/03 од 05.02.2008 година донесено од Основниот суд Скопје II Скопје во постапка за признавање и извршување на странска судска одлука. Согласно изреката на ова решение, предлогот на предлагачот бил усвоен, па се признала и се утврдила извршност на странската судска одлука и решение донесени од Судот на Здружен Труд во Љубљана С.1985/91 од 23.10.1992 година, огласена правосилна на 15.12.1992 година, со која било поништено решението за престанок на работниот однос на предлагачката од 26.08.1991 година. .Воедно, задолжен бил Алкалоид АД Скопје на предлагачот да му ги исплати паричните износи изразени во словенички толари, со законска камата назначена во одлуката. Со ова решение странската судска одлука на судот на Здружен Труд во Љубљана С.бр.1985/91 од 23.10.1992 година, огласена правосилна на 15.12.1992 година се изедначила со одлука на суд на РМ и било определено дека произведува правно дејство во Република Македонија.

На 11.01.2008 година тужителот како извршител издал налог за извршување број 10/08, со кој му наложил на должникот Алкалоид АД Скопје во рок од 3 дена по приемот на налогот да му исплати на име и за сметка на доверителот Бранислава, врз основа на претходно наведеното решение ПС.бр.91/03 од 05.02.2007 година износ од 225.689,00 денари на име главен долг и износ од 1.999.191,50 денари на име камата, како и трошоци на извршување кои ќе бидат определени по спроведување на извршувањето, кои до издавање на налогот изнесувале 270.997,00 денари. Збирно налогот бил издаден на износ од 2.495.877,50 денари и во истиот било определено доколку должникот не го плати долгуваниот износ во предвидениот рок дека ќе се пристапи кон попис, процена и пленидба на предметите во владение на должникот.

Тужителот како извршител не пристапил кон попис, процена и пленидба на предметите на Алкалоид АД Скопје, туку на 24.01.2008 година издал нов налог за извршување број 10/08 за извршување од сметката на должникот врз основа на член 202 став 1 од Законот за извршување. Во налогот биле наведени истите износи на главен долг и камата.

На 17.01.2008 година Алкалоид АД Скопје до претседателот на Основниот суд Скопје II Скопје поднел приговор на налогот И.бр.10/08 од 11.01.2008 година, кој со решение ППНИ.бр.46/08 од 22.01.2008 година бил одбиен како неоснован од претседателот на судот, со образложение дека тужителот како извршител не сторил неправилности при спроведување на извршувањето.

Тужителот го примил решението на 23.01.2008 година, па имајќи предвид дека евентуално поднесената жалба не го одлага извршувањето, како и дека извршувањето е врзано со кратки рокови определени со Законот за извршување, ја блокирал сметката на должникот Алкалоид АД Скопје и на 25.01.2008 година наплатил 2.503.232,50 денари, по што издал општ девизен налог за откуп на девизи од девизната берза и со свифт налог од 30.01.2008 година ги уплатил парите на сметката на доверителот.

Со решение РОЖ.бр.618/08 од 08.04.2008 година Апелациониот суд Скопје ја усвоил жалбата на должникот против решението ППНИ.бр.46/08 од 22.01.2008 година и решението на Претседателот на Основниот суд Скопје II Скопје ППНИ.бр.46/08 било преиначено на начин што приговорот на должникот бил усвоен, налогот за извршување И.бр.10/08 од 11.01.2008 година бил ставен вон сила, извршувањето запрено а спроведените извршни дејствија укинати, со образложение дека бил основан приговорот на застареност на извршувањето, бидејќи странската судска одлука станала правосилна на 15.12.1992 година а налогот за извршување бил издаден на 11.01.2008 година, со што според член 368 од Законот за облигационите односи бил поминат рокот од 10 години.

На 27.03.2009 година Алкалоид АД Скопје поднел тужба пред истиот суд против сега тужителот за стекнување без основ, вредност на спорот 2.495.877,50 денари со законска затезна камата од денот на настанување на штетата, од причина што неосновано биле наплатени средствата од жиро сметката на Алкалоид АД Скопје. На 07.04.2009 година сега тужителот со покана за одговор на тужба ја примил тужбата П.бр.1380/09 со докази, а на 21.04.2009 година доставил одговор на тужба. Претходно тужителот, преку полномошник, сочинил известување до тужениот кое било примено на 21.04.2009 година, со кое го известил да се вклучи во поведената парнична постапка како вмешувач. На 05.05.2009 година побарал согласност од тужениот за склучување на спогодба со Алкалоид АД Скопје, со факс од 11.05.2009 година тужениот побарал дополнителни докази од тужителот, а на 13.05.2009 година го известил тужителот дека согласно член 10 став 1 алинеа 1 од Посебните услови за осигурување на одговорност на извршители ќе се вмеша во постапката по предметот П.бр.1380/09 како и тоа да не биле согласни за спогодба, односно дека вклучени во судската постапка ќе ја чекаат конечната одлука на судот. Со препорачана пратка од 14.05.2009 година ова известување било доставено до извршителот, меѓутоа пред да го добие ова известување на 12.05.2009 година тужителот и Алкалоид АД Скопје склучиле вонсудска спогодба по предметот П.бр.1380/09, по што тужбата била повлечена на 15.05.2009 година од страна на Алкалоид АД Скопје.

На 09.06.2009 година тужителот поднел барање до тужениот за надомест на штета, односно за исплата на износот кој со вонсудска спогодба го платил на Алкалоид АД Скопје и до започнување на главната расправа, тужениот не постапил по ова барање и не му ја платил штетата на тужителот.

Врз основа на претходно утврдената фактичка состојба, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека пониските судови со правилна примена на материјалното право од член 953 и 957 став 1 и член 958 став 3 од Законот за облигационите односи,, правилно одлучиле кога тужбеното барање на тужителот го усвоиле. Правилно прифатиле судовите дека во конкретниот случај законската одговорност на тужителот како извршител е утврдена токму со решението на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.618/08 од 08.04.2008 година, со кое бил ставен вон сила налогот на извршителот И.бр.1008 од 11.01.2008 година и било запрено извршувањето како и укинати спроведените извршни дејствија. Имено, со донесување на ова решение РОЖ.бр.618/08 се реализирал осигурениот случај за кој тужителот склучил договор за осигурување со тужениот, а тужениот е должен да му ја надомести на тужителот причинетата штета согласно претходно цитираните членови од Законот за облигационите односи, полисата за осигурување и посебните услови за осигурување на одговорност на извршителот. Со донесување на решението на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.618/08 од 08.04.2008 година дефинитивно било утврдено дека извршителот како осигуреник на тужениот му причинил штета на должникот Алкалоид АД Скопје која штета во вонсудска спогодба

тужителот ја надоместил на Алкалоид АД Скопје, поради што и основано во предметната постапка бара надомест на штета од 2.187.704,00 денари.

Овој суд ги оцени како неосновани наводите во ревизијата на тужениот дека во конкретниот случај не настанал осигурен случај во смисла на член 4 од Посебните услови. Имено, Посебните услови се донесени во 2006 година кога решението на Претседателот на судот по поднесениот приговор против неправилности на извршувањето, бил конечен правен акт во извршната постапка. Меѓутоа, со измените со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување и тоа на член 77-а став 1 од овој закон, допуштено е дека против решението на претседателот на судот странката или учесникот имаат право да поднесат жалба до Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд, така што постапувајќи по жалбата Апелациониот суд може да ги потврди или преиначи решенијата на претседателот на основниот суд донесени по приговор против неправилностите при извршувањето. Во случај на преиначување и пресудување, и Апелациониот суд, покрај основниот суд, може да констатира незаконско спроведување на извршување, како што е и во конкретниот случај. Поради овие причини, правилно прифатиле пониските судови дека договорот за осигурување склучен помеѓу тужителот и тужениот се склучените полиси се однесува и ги опфаќа и осугурените случаи, односно причинети штети констатирани и со одлука на второстепениот суд. Овој суд во целост се согласува со образложението на пониските судови дека самата суштина на осигурувањето на извршителите е дека се осигурува законската одговорност на извршителот за причинети штети кои ќе ги предизвика на трети лица во вршењето на извршните дејствија. Во конкретниот случај законската одговорност на тужителот како извршител е утврдена со решението на второстепениот суд РОЖ.бр618/08 од 08.04.2008 година, со кое бил ставен вон сила налогот на извршителот 10/08 од 11.01.2008 година. Со донесување на ова решение се реализирал осигурениот ризик - случај за кој тужителот склучил договор за осигурување со тужениот, а тужениот е должен да му ја надомести на тужителот причинетата штета.

При одлучувањето Врховниот суд на Република Македонија ги имаше предвид и наводите во ревизијата дека тужениот бил ослободен од обврската за исплата на надомест на штета, од причина што тужителот ги повредил договорните обврски дефинирани со посебните услови, посебно во поглед на склучувањето на спогодбата со должникот и роковите за известување на тужениот за настанатиот осигурен случај, меѓутоа истите ги оцени како неосновани. Имено, согласно член 9 став 3 од Посебните услови, осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави целокупна документација од надлежен орган кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд. Според член 9 став 4 од Посебните услови, осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата, а според член 9 став 5 од Посебните услови, ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го

извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.

Во конкретниот случај, неспорно е утврдено дека пред да ја склучи спогодбата од 12.05.2009 година, со должникот Алкалоид АД Скопје без согласност на тужениот, тужителот превзел дејствија во насока на исполнување на неговите договорни обврски дефинирани со посебните услови, односно по приемот на тужбата П.бр.1380/09 со докази во прилог, со известување од 21.04.2009 година го известил тужениот дека од страна на Алкалоид АД Скопје е поднесена тужба за надомест на штета против извршителот како тужен, а во врска со спроведеното извршување И.бр.10/08. Тужителот со известување од 05.05.2009 година, побарал и согласност од тужениот за склучување на спогодба со Алкалоид АД Скопје, меѓутоа не го сочекал повратното известување од тужениот и ја склучил спогодбата на 12.05.2009 година и истиот ден ја отплатил сумата по оваа спогодба на должникот по И.бр.10/08.

Врховниот суд на Република Македонија, наоѓа дека пониските судови правилно прифатиле дека иако тужителот не се придржувал на одредбата од член 9 став 4 од Посебните услови, таквото однесување е без влијание за поинаква одлука во конкретниот предмет, бидејќи тужителот ја склучил спогодбата со Алкалоид АД Скопје пред се во функција на намалување на штетата што произлегла од настанувањето на осигурениот случај во врска со спроведувањето на извршни дејствија по предметот И.бр.10/08. Имено, со склучувањето на спогодбата тужителот ја намалил штетата, бидејќи должникот не барал надоместување на законската затезна камата од настанување на штетата до исплатата, како и трошоци во постапката по П.бр.1380/09, односно се согласил да се смета за намирен и по овие позиции само со уплата на износот од 2.495.877,50 денари, на колку што гласел првиот налог за извршување по предметот И.бр.10/08. Правилно прифатиле судовите дека со овие свои дејствија тужителот постапил во согласност со член 982 став 1 од Законот за облигационите односи, според кој осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните, договорените и сите други мерки потребни за да се спречи настапување на осигурениот случај, а ако осигурениот случај настапи е должен да преземе се што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици. Во оваа насока е и член 22 точка 1 од Општите услови за неживотно осигурување на имоти од 2001 година, кои се составен дел на склучените полиси на тужителот и тужениот.

Поради напред наведените причини овој суд ги оцени како неосновани ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право, поради што следуваше ревизијата на тужениот да се одбие како неоснована, согласно одредбата од член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

При одлучувањето овој суд ги имаше во предвид и останатите ревизиски наводи, меѓутоа најде дека истите се без влијание за поинакво одлучување.

Во смисла на одредбите од член 158 став 1 и 2 и член 160 став 1 од Законот за парничната постапка, во врска со член 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите како и одредбите од Законот за судски такси, овој суд го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци сторени во постапката по ревизија во износ од 55.180,00 денари, 7.020,00 денари за состав на одговор на ревизија и 48.160,00 денари за судска такса за одговор на ревизија.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 10.09.2014 година под Рев2.бр.359/2013.

Претседател на советот - судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и:секретар

ЕИ/